KNAUF STORY

Број 8, август 2011



## Тема:

# Кнауф системи во станбената градба

Кнауф партнер:
„КАРМЕН-БАУЦЕНТАР" - Охрид

Референтен објект: СОРАВИА РЕСОРТ -
Дома како на луксузен одмор

Репортажа:
ВИЗУРИТЕ НА ТИРАНА ОД ИДНИНАТА

KNAUF Newsletter

# Сува градба со Кнауф



**ТАВАНСКИ СИСТЕМИ**
- Тавански системи од гипсени плочи
- Акустични и тавани со специјален дизајн
- Облоги на поткровје

**ЅИДНИ СИСТЕМИ**
- Преградни ѕидови на метална потконструкција
- Ѕидни облоги и инсталациски канали
- Санитарни градежни системи и ревизиони отвори
- Системи за лизгачки врати

**ПОДНИ СИСТЕМИ**
- Самонивелирачки подови
- Повишени подови
- Маси за порамнување

**СИСТЕМИ ЗА ФАСАДИ И ИЗОЛАЦИСКИ СИСТЕМИ**
- Контактна фасада

**СИСТЕМИ ЗА МАЛТЕРИСУВАЊЕ**
- Гипсени глет малтери

**БАУМАРКТ ПРОГРАМА - НАПРАВИ САМ (ГРАДЕЖНА ХЕМИЈА)**
- Лепаци за плочки и фуги
- Глет маси, лепаци, дихт ленти, нарамнувачи, алати
- Средства за чистење и нега

**Со сувата градба се остваруваат сите Ваши желби при новоградбите, санациите на постоечки објекти, влажни простории или подруми.**

Предности на Кнауф сувомонтажната градба:

- Мала дебелина на преградните ѕидови со подобри перформанси од другите видови на градба
- Мала тежина на ѕидовите прават подобра статика на објектот
- Инсталациските водови се изведуваат без штемање
- Поголема чистина на објектот со малку градежен отпад
- Брзо, економично и флексибилно градење, бидејќи потребите за простор се менуваат
- Без сушење, веднаш се врши понатамошната обработка на површината
- Гипсот како материјал е гаранција за здрава клима во просторот поради својата пародифузност
- Слобода на лесно градење на ѕидови со најразлични форми
- Зголемување на противпожарноста со противпожарните гипсени плочи
- Прочистување на воздухот во просториите со Кнауф Cleaneo плочите
- Многу други предности со многу други иновативни производи на Кнауф

Бул. Александар Македонски 66 (до х.Континентал)1000 Скопје
Тел.: централа: 02 / 32-35-750 градежен сервис: 02/ 32-35-752
Факс.02 / 32-35-760 e-mail: info@knauf.com.mk

**www.knauf.com.mk**

KNAUF



**Почитувани,**

*Решавањето на станбеното прашање или креирањето на удобен дом е предизвик за секого. Сите ние што сме дел од тој процес: производителите, проектантите и градителите, секојдневно се соочуваме со најразлични предизвици во процесот на креирање удобен дом.*

*Дури 60% од севкупната потрошувачка на електрична енергија во светот е во домувањето. На цените на енергентите кои секојдневно вртоглаво растат не можеме да влијаеме, меѓутоа можеме да влијаеме на нивната заштеда. Заштедата на енергија и емисијата на CO2 се најголемите предизвици за сите економии во светот. Ние, како производители на градежни материјали, секојдневно си ги поставуваме прашањата: како да произведеме уште подобри градежни системи кои ќе ги решат сите идни предизвици.*

*Големата традиција на иновативни градежни материјали, гипсот како најздрав градежен материјал и извонредните изолациски својства на нашите производи се гаранција за сите наши вработени дека нашиот придонес во процесот на креирање удобен дом е огромен.*

*Ваш,*

*Тодор Деловски,*

*директор на Кнауф во Македонија, Албанија и Косово*

Тема: КНАУФ СИСТЕМИ ВО СТАНБЕНАТА ГРАДБА 4

Кнауф во зелено: ИМПРЕГНИРАНИ ГИПСЕНИ ПЛОЧИ 9

Разговор со Блажен Зотовски: КНАУФ СИСТЕМИ И РОКЕНРОЛ ВО ИСТА ПРИКАЗНА 10

Референтен објект: СОРАВИА РЕСОРТ- ДОМА КАКО НА ЛУКСУЗЕН ОДМОР 12

Кнауф партнер: КАРМЕН-БАУЦЕНТАР Охридска енергија за успех 14

Репортажа: ВИЗУРИТЕ НА ТИРАНА ОД ИДНИНАТА 16

**Knauf Story е newsletter на Кнауф во Македонија.**
**Редакција: Кнауф Маркетинг, бул. Александар Македонски 66 Скопје.**
**Членови на редакција: Роберт Смилески, Велимир Петровски, Тодор Деловски, Александар Николовски и Блажен Зотовски.**
**Фотографии: Роберт Смилески, КНАУФ фото-датотека.**
**Дизајн и подготовка: Република. Тираж: 1500 примероци**
**www.knauf.com.mk**











## Кнауф системи во станбената градба

# Дома: Здраво, брзо, удобно, квалитетно

За секоја основна потреба, но и за најспецифичното барање при градењето на простор за домување, Кнауф нуди совршени решенија. Разбирајќи ги потребите на нашите клиенти, Кнауф нуди многу можности при проектирањето и преградувањето на просторот, и притоа обезбедува:

- модерен изглед и висока естетика во изразувањето на ентериерите;
- одлична клима и комфор во просториите;
- добра звучна изолација и посакуваните мир и тишина;
- одлични изолациски својства на ѕидовите со кои се заштедуваат енергија и пари;
- флексибилност на просторот и негово лесно и брзо приспособување;
- лесно и сигурно прицврстување на слики, полици и други елементи;
- полесни ѕидови и подобри сеизмички карактеристики на објектот;
- пониска цена и заштеда на простор итн.

Ако се направи анализа на ѕидните системи Кнауф во еден станбен објект, и тоа:

- преградните ѕидови во стан,
- преградните ѕидови кон санитарии,
- ѕидови меѓу станови,
- ѕидови меѓу стан и ходник,

кои најчесто и секојдневно се вградуваат во становите во Македонија и притоа се анализираат следниве параметри:

- дебелина на ѕидовите,
- тежина,
- коефициент на звучна заштита,
- коефициент на топлинска заштита,
- време на изработка на 1м² ѕид,
- цена на чинење на 1м² ѕид,

се добиваат следниве резултати:

| МАСИВНА ГРАДБА | КНАУФ ПРЕПОРАЧАН СИСТЕМ |
|---|---|
|  |  |
| ѕид од шуплив керамички блок д=12cm, двострано малтерисана со продолжен малтер d=2,5cm | преграден ѕид Кнауф W112, на метална пот-конструкција од Кнауф профили CW50 и UW50, двострана двослојна облога со Кнауф плочи 1,25mm. Меѓупросторот со исполна од минерална волна KP CK, слој од 5cm |
| d= 17 (cm)<br>g= 178,7 (kg/m$^2$)<br>Rw ≈ 46 (dB)<br>U= 1,67 (w/m$^2$K)<br>t=2,63 (h/m$^2$) | d= 10 (cm)<br>g= 49 (kg/m$^2$)<br>Rw= 52 (dB)<br>U= 0,55 (w/m$^2$K)<br>t = 1,1 (h/m$^2$) |

За ѕидови со должина од 100m' (260m$^2$) со примена на Кнауф W112 се добива:
1. дополнителна површина ΔП= (17-10)/100*100= 7m$^2$
2. намалување на тежината Δг= (193-49)*260= 37.440kg
3. покусо време на изработка Δт= (2,63-1,1)*260=h 398 ⇔ 50човек/денови

| МАСИВНА ГРАДБА | КНАУФ ПРЕПОРАЧАН СИСТЕМ |
|---|---|
|  |  |
| ѕид од шуплив керамички блок д=12cm, двострано малтерисана со продолжен малтер d=2,5cm | преграден ѕид Кнауф W112-I, на метална пот-конструкција од Кнауф профили CW50 и UW50, исполна од минерална волна KP CK, слој од 5cm. Двострана двослојна облога со Кнауф плочи 1,25mm од влажната страна Кнауф импрегнирана плоча 1,25. |
| d= 17 (cm)<br>g= 178,7 (kg/m$^2$)<br>Rw ≈ 46 (dB)<br>U= 1,67 (w/m$^2$K)<br>t=2,63 (h/m$^2$) | d= 10 (cm)<br>g= 49 (kg/m$^2$)<br>Rw= 52 (dB)<br>U= 0,55 (w/m$^2$K)<br>t = 1,1 (h/m$^2$) |

За ѕидови со должина од 100m' (260m$^2$) со примена на Кнауф W112 се добива:
1. дополнителна површина ΔП= (17-10)/100*100= 7m$^2$
2. намалување на тежината Δг= (193-49)* 260= 37.440kg
3. покусо време на изработка Δт= (2,63-1,1)* 260= 398h ⇔ 50човек/денови

| МАСИВНА ГРАДБА | ПРЕПОРАЧАН СИСТЕМ | ПОДОБРЕН СИСТЕМ |
|---|---|---|
|  |  |  |
| сендвич ѕид од шуплив керамички блок 2x12cm, помеѓу минерална волна слој 5cm двострано малтерисана со продолжен малтер d=2,5cm | ѕид од гитер тула 12cm, од една страна лепење на Кнауф плочи 1,25cm, од другата - ѕидна облога Кнауф W623 - метална потконстр. од Кнауф профили CD и UD, исполна мин.волна слој од 4cm, облога со Кнауф плочи 2x1,25cm | ѕид од гитер тула 12cm, двострано обложен со ѕидна облога Кнауф W623 - метална потконстр. од Кнауф профили CD и UD, исполна мин.волна слој од 4cm, облога со Кнауф плочи 2x1,25cm |
| d= 34 (cm)<br>g= 302 (kg/m$^2$)<br>Rw ≈ 55 (dB)<br>K= 0,46 (w/m$^2$K)<br>t≈4,00 (h/m$^2$) | d= 21 (cm)<br>g= 158 (kg/m$^2$)<br>Rw ≈ 60(dB)<br>U= 0,61 (w/m$^2$K)<br>t = 2,55 (h/m$^2$) | d= 25 (cm)<br>g= 198 (kg/m$^2$)<br>Rw ≈ 67(dB)<br>U= 0,36 (w/m$^2$K)<br>t = 2,95 (h/m$^2$) |

За ѕид со должина од 100m' (околу 260m$^2$) со замена на сендвичот со гитер и Кнауф W623 се добива:
1. дополнителна површина ΔП=(34-21)/100*100 = 13m$^2$
2. намалување на тежината Δг=(302-158)*260 = 37.440kg
3. покусо време на изработка Δт=(4,00-2,55)*260 = 377h ⇔ 47човек/денови

| МАСИВНА ГРАДБА | МАСИВНА ГРАДБА | ПРЕПОРАЧАН СИСТЕМ |
|---|---|---|
|  |  |  |
| ѕид од шуплив керамички блок 25cm, двострано малтерисан со продолжен малтер d=2,5cm | сендвич ѕид од шуплив керамички блок 2x12cm, помеѓу минерална волна слој 5cm двострано малтерисана со продолжен малтер d=2,5cm | ѕид од од гитер тула 12cm од една страна лепење на Кнауф плочи 1,25cm, од другата - ѕидна облога Кнауф W623 - метална потконструкција од Кнауф профили CD и UD, исполна минерална волна слој од 4cm и облога со Кнауф плочи 2x1,25cm |
| d= 30 (cm)<br>g= 213 (kg/m$^2$)<br>Rw ≈ 48 (dB)<br>U= 1,07 (w/m$^2$K)<br>t=3,51 (h/m$^2$) | d= 34 (cm)<br>g= 302 (kg/m$^2$)<br>Rw ≈ 55 (dB)<br>K= 0,46 (w/m$^2$K)<br>t≈4,00 (h/m$^2$) | d= 21 (cm)<br>g= 158 (kg/m$^2$)<br>Rw ≈ 60(dB)<br>U= 0,61 (w/m$^2$K)<br>t = 2,55 (h/m$^2$) |

За ѕид со должина од 100m' (околу 260m$^2$) со замена на сендвичот со гитер и Кнауф W623 се добива:
1. дополнителна површина ΔП= (34-21)/100*100 = 13m$^2$
2. намалување на тежината Δг= (302-158)* 260 = 37.440kg
3. покусо време на изработка Δт= (4,00-2,55)*260= 377 ⇔ 47човек/денови

| Материјал | ρ (kg/m$^3$) | λ (W/mK) | μ (1) |
|---|---|---|---|
| Малтер (ѕидарски и продолжен) | 1700 | 0,85 | 15,0 |
| Шуплив керамички блок | 800 | 0,33 | 2,5 |
| Гитер тула | 1200 | 0,52 | 4,0 |
| Кнауф гипскартонска плоча | 900 | 0,21 | 12,0 |
| Камена волна KS RK | 40 | 0,038 | 1,1 |

**Табела 1: Топлинската заштита е пресметана според карактеристиките на градежните материјали**

| Нормативи – градежна оператива | Нормативи - Кнауф |
|---|---|
| 1.Ѕидање блок за 1m$^3$- 6,75 h/m3 | W112 –1,1 h/m2 |
| 2.Ѕидање гитер за 1m$^2$ - 1,55 h/m2 | W623 – 0,6 h/m2 |
| 3.Малтерисување грубо/ фино – 0,91h/m2 | W611 – 0,32 h/m2 |

**Табела 2: Брзина на градба според нормативи на Кнауф и градежна оператива**

Никако не е за занемарување фактот дека сите производи на Кнауф се сертифицирани што е гаранција за постојан квалитет. Фабриката „Кнауф Радика“ во Дебар, како и претставништвото во Скопје се сертифицирани и според ИСО-стандардите.

Повеќе информации околу производите на Кнауф за станбена градба можете да најдете на интернет-страницата на Кнауф:

**http://www.knauf.com.mk/uslugi_prospekti_lista.htm**



ВИЛА КОРТОПЕЛА, СКОПЈЕ

# ИНТЕЛИГЕНТНА КУЌА

## ЗА НОВИТЕ МОДЕРНИ ВРЕМИЊА







Оваа приватна станбена куќа ќе го заинтригира секој поминувач, дури и ако тој не е особено заинтересиран за архитектура и градежништво. Таа е дело на својот инвеститор и, како што се изрази на еден интернет форум, „духовен татко" на куќата што семејството ја нарече „Вила Кортопела", по своите предци кои ги нарекувале Кортопелци.

Куќата има три ката и димензии 10x10m со подрум под целата површина.Соодветно изолираната куќа со повеќе од 200 m2 се грее со само 3 KW/h. Одлуката куќата да се гради во Сопиште е поради ниските комуналии што ги има Сопиште како приградска општина. Парцелата има одлична позиција, со прекрасен поглед налево кон градот Скопје, а надесно кон врвот Солунска Глава.

На почетокот од 2007 г. сфативме дека тогашните 60 m2 ни се малку и решивме да бараме друга опција. Во куќата се вградени многу производи на Кнауф, но најмногу производи од програмата за сува градба, поради брзината, чистината на градење, флексибилноста и квалитетот што го нудат. Фирмата Кнауф ја знам одамна и ја паметам како позитивен пример на инвестиција од Германија и Австрија во Македонија. Истражував доста на интернет и многу од информациите



што ги најдов на интернет-страниците на Кнауф ми помогнаа во некои одлуки при градбата. Освен гипсените плочи за преградните ѕидови, потпокривот и таванот, како и импрегнираните плочи во бањата, надвор употребував и цементни плочи.

„Термичката изолација и воопшто енергетската ефикасност ни беше еден од приоритетите. Во однос на тоа, би напомнал дека куќата има фасада од 10 cm стиропор и уште дополнителни 5 cm под гипсените плочи Кнауф од внатрешната страна на сите надворешни ѕидови. Под покривот има 4 пати по 5 cm или вкупно 20 cm стиропор, а прозорците се со пластични профили со трослојно изолациско стакло. Користиме и термичка пумпа воздух–вода, како и соларни панели поставени невообичаено, на фасадата на куќата.“



Господин Дарко Христов е млад, семеен човек, по професија економист, но со изразено чувство за естетика. Пасиониран фотограф и заинтересиран за архитектура и градежништво. Повеќе информации и прекрасни фотографии за изградбата на оваа куќа можете да видите на неговиот блог: http://offspot.blogspot.com/









*Einbau von Knauf Trockenbausystemen in Wohngebäuden und Häusern. Vergleiche zwischen Knauf Systemen und anderen Bausystemen für Trennwänden und Decken. Beispiel eines modernen Wohnhauses in Skopje, welches Knauf Trockenbausystemen verwendet wurde, und über den Besitzer, Herrn Hristov und seine Verwirklichung der "Villa Cortopella".*

*Installing Knauf dry walling systems in the residential buildings and houses. Comparisons between the Knauf systems and other ways of building partition walls and ceilings. Example of building a modern family house in Skopje by using Knauf dry walling systems and story about the owner, Mr. Hristov and his creation of the "Villa Cortopella".*



# Кнауф во зелено

## ИМПРЕГНИРАНИ ГИПСЕНИ ПЛОЧИ

Она што е веќе познато е дека системите на Кнауф за сува градба нудат целосно уживање во сите контексти на денешното градежништво. За проектантите се приспособливи на секакви потреби и ограничувања, имаат јасни и тестирани карактеристики, доаѓаат со подготвена архива на CAD-детали готови за имплементирање во главниот проект. За монтерите се лесни, брзи, едноставни за вградување и доаѓаат во комплет со сите потребни алатки и помошни средства за монтирање. За надзорот се воочливо обележани, соодветно обоени, убаво објаснети. За инвеститорот се квалитетни, тенки, лесни, со гарантиран квалитет и здрави за вградување и експлоатација. Па така, крајниот корисник ги добива мирот, довербата и комфорот на просторот што ги заслужува. Еден дел од градежништвото, каде што системите на Кнауф највидливо ги олеснуваат грижите, се, секако, системите на Кнауф за употреба во влажни простории.

Импрегнираната (GKBi) плоча на Кнауф и целосниот систем за преградни ѕидови во влажни простории се дефинитивно нашиот дар за вашата бања. Во состав, неговото височество, гипс ($CaSO_4 \cdot 2H_2O$) и додаток од силиконски масла во јадрото на плочата и во самата обвивка. Плочата со овие додатоци станува отпорна на влага и соодветна на сите услови и барања кои постојат во проектирањето и изведувањето на санитарни простории.




Препорачан Кнауф-систем за оформување преградни ѕидови во санитарни јазли е системот W116, или таканаречениот инсталациски ѕид. Ѕидот е составен од двојна челична потконструкција од Кнауф CW профили 50, 75, 100/50/0,6mm двострано и двослојно обложени со плочи Кнауф GKBi. Меѓурастојанието на двојната потконструкција единствено зависи од димензиите на инсталацијата која ќе поминува низ ѕидот. Кога би се работело само за инсталација за довод на вода, самите профили имаат доволно големи фабрички засеци за нејзино спроведување. Кога низ ѕидот е предвиден и одвод на водата (канализација), цевките со поголем дијаметар се спроведуваат меѓу двете потконструкции. Овој простор целосно се искористува за поставување вградни елементи во бањата и помошни елементи за обесување на стандардните елементи за бања. Веќе нема импровизации во делот на вградени казанчиња. Казанчето не е вградено ако на ѕидот од цигла го монтираме, па со гипсени плочи го опшиеме и создадеме впечаток дека е вградено (а во реалноста сме одзеле речиси половина квадратен метар од корисната површина на бањата). Системот, со дополнителни засилувања, е способен да носи голема тежина. Конзолни ВЦ-школки, конзолни бидеа, мијалници, па сè до големи бојлери (+120L). Системот завршен со импрегниран Uniflott како исполнувач на фугите и поплочен со керамички или порцелански плочки е подготвен да стави крај на нагодувањето на циглите, импровизациите на објектите и страшно неуредните санации на евентуални дефекти.

Сувата градба е Кнауфовиот адут, кој ја доби и ја оправда вашата доверба во станбената архитектура. Искористете ја и во овој сегмент при вашите проектирања и градби.

# КНАУФ СИСТЕМИ И РОКЕНРОЛ ВО ИСТА ПРИКАЗНА




**Блажен, веќе речиси година и половина си дел од екипата на Кнауф Македонија. Импресии од овој релативно краток период?**
Она што уште од првиот момент ме изненади е високото ниво на организираност на работите во компанијата. Совршената организираност е она што прави соодветно да се покрие широката палета на производи на компанијата и да се овозможи одличен сервис на сите корисници на нашите системи. Токму поради ова, не ми требаше многу време да се вклопам во целата приказна и со леснотија да ги прифатам обврските на моето работно место.

**Советник за сува градба. Каков предизвик ти беше тоа?**
Силен и интересен во исто време. Имајќи предвид дека лесно комуницирам со луѓето, отсекогаш сум се гледал себеси на оваа „логистичка страна" на архитектурата и градежништвото, па описот на ова работно место ми ја запали онаа сијаличка во главата на која пишува

*Der junge Architekt Blazen Zotovski, einer unseren neuesten Kollegen, erzählt uns seine Geschichte. Er spricht über Herausforderungen, seine Perspektiven und wie er seine erfolgreiche Karriere bei Knauf, seine Tätigkeit als technischer Berater für Trockenbau und als Sänger in einer lokalen Rockband aus Skopje in Ausgleich bringt.*

*One of our newer colleagues, the young architect Blazen Zotovski tells us his story, challenges and his perspectives and ways how to balance a successful carrier in Knauf, being a technical advisor for dry walling as well as being a singer in a local rock band from Skopje.*




„НЕ ПРОПУШТАЈ". Така, во овој период запознав голем дел од учесниците и чинителите на градежништвото во Македонија и полека почнувам целосно да станувам она што треба да бидам. Технички советник за сува градба, на секој оној што сака да гради со сите нејзини предности. Најчесто комуницирам со архитектите во Македонија. Секако, од нивните раце почнува сѐ, па затоа секогаш сум им на располагање и се трудам да бидам уште една нивна алатка на патот кон квалитетна градба. Презентер на системите сум и на средбите, како со архитектите, така и со монтерите на сува градба, градежните инженери, средбите на здруженијата за енергетска ефикасност, информативните дружења со студентите на блиските факултети итн. Многу контакти од кои црпам доста знаење и енергија за понатамошна работа.

**Ова досега си ти, но само 40 часа во неделата. Кој е Блажен во останатите 128 часа?**
На секој човек, без разлика колку ужива во работата и колку го исполнува таа, му треба некој „вентил". Вентил за испуштање на притисокот што може да го создадат мобилните телефони, градскиот метеж, роковите, недоразбирањата итн. Јас се обидувам да одржам во живот неколку вентили. Основен вентил ми е дружбата со пријателите и семејството. Секој момент поминат со блиски луѓе, добар хумор, добра музика и насмевки, ми дава енергија за цела следна недела.

**Музика, рече! Да се правам дека не знам и да те прашам што со неа?**
Слободно. Вториот вентил и можеби оној со најголем капацитет ми е рок'ен'ролот. Веќе 6-7 години музицирам и постојам како дел од бендот „Скаптома" (не прашувајте ме што значи, долга и незапаметлива приказна е тоа ☺). Збир од различни ликови. Архитекти, машинци, електроинженери, аниматори, техничари... со сличен вкус за музика и уште послиичен поглед на светот, што би било и основа за нашето дружење и во слободен израз, творење. Дефинитивно, нешто во што целосно уживам. Оние што се навлекле, знаат дека рок'ен'ролот е посебен тип „дрога" од која нема откажување, а и нема потреба од тоа, затоа што тој е единствена „дрога" која животот ти го прави поубав и поинтересен. Сме свиреле во повеќето скопски клубови каде што се пропагира добриот рок-звук и веќе имаме поголем круг пријатели кои се постојани гости на нашите свирки.

**Овие две работи, работата и музиката, звучат доста оддалечени една од друга!?**
Баш затоа и сум успешен и концентриран на двете. Секоја од нив ми помага да заборавам на другата, па кога ќе , се вратам, атмосферата ми е свежа и пријатна за функционирање. Двете екстреми на моето секојдневие се пресекуваат во моментите кога сум дома или покрај партнерката. Е, мирисот на тој мир е оној што ми останува до следното утро и ми помага, со звукот на алармот, да станам Блажен Зотовски, советник за сува градба. Се надевам на успешна соработка со сите сегашни и идни соработници на Кнауф и задоволство во контактите со нив.





## СОРАВИА РЕСОРТ

# Дома како на луксузен одмор

Проектот за изградба на резиденцијалниот комплекс„Соравиа ресорт" е дел од стратегијата на Соравиа груп да инвестира во пионерски проекти во земјите во кои е присутна.

Господин Ѓоко Радовановиќ, од„Радо инженеринг" од Скопје, фирмата која го проектираше„Соравиа ресорт", ни ја објасни задачата што ја добиле од инвеститорот во врска со овој проект. „Требаше да се направи објект кој според европските стандарди се класифицира како ВИП. Проектантот се реши за системите Кнауф бидејќи тие му овозможуваат исполнување на барањата за висока звучна заштита, одлична термичка изолација, како и противпожарна заштита. Во исто време, биолошката беспрекорност на материјалот дава повисок квалитет на живеењето. Применетите системи Кнауф му даваат на купувачот на стан голема флексибилност. Идниот станар може да го менува распоредот на собите според своите потреби уште во текот на градбата, а и при евентуалното реновирање. Во преградните ѕидови на Кнауф се вградени многубројни централни инсталации кои при идна реконструкција може лесно да бидат променети."

Ова е нов концепт на живеење во Скопје, кој опфаќа целосна грижа за заедничкиот простор, во смисла на чистење, одржување, обезбедување, независен индивидуален систем за греење и ладење, а во комплексот ќе има и спа-центар со базен, сауна и простор за фитнес.








## ПОДАТОЦИ ЗА РЕФЕРЕНТЕН ОБЈЕКТ

**Инвеститор:** Соравиа Ресорт доо Скопје

**Име на резиденцијалниот комплекс:**
Soravia Resort
**Проектант:** Радо Инженеринг
**Кнауф партнер:** Хаски, Скопје

**Изведувачи:**
- Кнауф Сува градба: Мал Меи
- Кнауф машинско малтерисување: Мак Дизајн

**Потрошени материјали:**
- Гипсени плочи
- W112 – 60.000 m²
- W623 – 12.000 m²
- D112 - 2.100 m²
- Гипсен малтер MP75 L – 220 t
- Aquapanel – 350 m²



## КАРМЕН БАУЦЕНТАР

# Охридска енергија за успех




Приказната за влегувањето во светот на трговијата со градежните материјали и алати на г-дин Жарко Јанев, почнува во 2002 год, најпрво како управител на бизнисот основан претходно, во 1998 г. од г-динот Благојче Евтимов кој живеел на релација Македонија - Холандија. Почетоците на ова партнерство се во Охрид, градот каде г-дин Јанев е роден и живеел. До 2008 година иако бизнисот се развивал одлично г-динот Евтимов се повлекол, а сопственоста се префлила на Јанев кој и денес е ко-сопственик на фирмата Кармен Бауцентар.
„Фирмата почна со продажба на системи за сува градба на Кнауф во 2002-та година, со 3 вработени, да денес во 2011 година имаме 30 вработени и голема продажна палета. Освен проиводите на Кнауф, увозници сме и дистрибутери на 14 познати европски брендови – производители на алати, малтери за фасади и други градежни материјали. Правиме комплетна испорака до клиентите – располагаме со 11 доставни возила. Седиштето на фирмата се наоѓа во Скопје, но освен продажното место во Охрид каде започнавме, од 2003 година имаме продажно место и во Штип. Од трите продажни места се врши малопродажба и големопродажба. Поради ваквата природа на бизнисот често патувам и некогаш и по 4-5 саати од работното време ми поминува на пат.“

Во 2009 г. инвестирано енад 500.000 евра во реновиран сопствен модерен продажен центар во Охрид со површина од 2000 м2 затворен простор. Преку овој центар се покриваат потребите на поширокиот Охридски регион.
„Нашиот стил на работа е базиран на искуство за продажба од Западна Европа. За да се работи овој тип на трговија мора да се биде проактивен и да се биде на терен. Затоа имаме 5 комерцијалисти кои секој ден се во движење, поделени секој во различен реон. Истиот стил на работа го применуваме и за продавање на Кнауф градежните системи.“

**ИСТОРИЈА НА СОРАБОТКАТА СО КНАУФ**

„Кога дојдов да работам во фирмата, соработката со Кнауф веќе си течела, но со моето доаѓање од година во година продажбата се покачи 30-40%. Продажбата на Кнауф производите растеше секоја година, до 2008 кога дојде кризата и кај нас, но сепак, со многу работа успеавме да ги надминеме кризните години и успеавме да го задржиме тогашното ниво на продажба, но без раст. Веќе во 2011 година продажбата на Кнауф производите порасна за 10% а се надевам дека оваа бројка сеуште ќе расте.“
На почетокот Кармен Бауцентар продавал само системи за сува градба, но потоа почнал и со продажба на Кнауф гипсените малтери. Оваа година, тие потпишаа и договор за продажба на производи од Кнауф програмата од фабриката



Марморит во Земун: фасадни системи, фуги, лепаци и сл. Сега во баумаркетите на Кармен може да се најде речиси комплетната понуда на Кнауф.

**СЕКОЈДНЕВНИ ПРЕДИЗВИЦИ И ПЛАНОВИ ЗА ИДНИНА НА КАРМЕН БАУЦЕНТАРОТ**

„Сеуште останува предизвикот да се убедат сите луѓе во нашиот бизнис за предностите на сувата градба. Таа е современа замена за традиционалното градење. Системите на Кнауф овозможуваат побрз о и почисто градење, со одлична топлинска и звучна изолација, и секако со конкурентни цени. Гипсените малтери иако се понов програм, тие имаат огромен потенцијал. Квалитетот на малтерот од најздрав материјал - гипсот е одлично прифатен кај изведувачите.

Постојано Кнауф нуди новитети во Македонија, па така од неодамна се нуди и гипсената самонивелирачка кошулка која има голем потенцијал во иднината, но за тоа ќе ни треба време за да ги запознаеме сите со високиот квалитет и придобивки на овој производ. За овој систем на Кнауф, како и за програмата на градежна хемија потребен е поагресивен маркетинг . Но верувам, како и досега, со помош на канцеларијата на Кнауф во Скопје, како и на фабриката во Дебар ќе успееме да ги етаблираме и овие програми. Кармен Бауцентарот мора да се развива и да гледа во иднината. Ние сега имаме и сектор за изведба. За таа потреба имаме и градежно лице бидејќи почнуваме да се јавуваме и како изведувачи. Сакам овој сектор да се шири и во иднина.“



# Охрид како извор на енергија и инспирација

Централното место во канцеларијата на г. Јанев е големата вромена пејсажна фотографија на градот Охрид, фотографирана од позиција во самото езеро. Тој и неговата сопруга се охриѓани и тој до својата 25-та година живеел во Охрид.
„Енергијата ја црпам од Охрид. За среќа, природата на работата е таква што успевам да комбинирам сегменти на приватниот живот и бизнисот, па затоа, секое одење во Охрид ме прави среќен. Ме радува фактот што после Скопје, во Охридско се гради најмногу во Македонија. Охрид се развива, но би сакал темпото да биде позабрзано. Иако не сум вклучен во бизнисот со туризам, морам да речам дека сите други гранки во Охрид зависиме од туризмот. Секоја успешна сезона за нас значи повеќе инвестиции: нови сместувачки капацитети, но потребно е да бидат со повисоко ниво, а потребна е и изградба на нова инфраструктура. Освен станбената градба треба да се создадат побрзо и услови за градење на хотели со висока категорија кои би имале и адекватни содржини: базени, спа центри и сл. Ова би донело зголемена посетеност и во зима. Зошто да не се размислува и уште поамбициозно: Галичица е неискористена во зима. Кога би се инвестирало горе во скијачки центар Охрид би се нудел во сите годишни времиња. Ова би имало влијание на забрзување на развојот на целиот регион.“



*Mr. Zarko Janev stellt seine Firma Karmen Baucenter vor und die Herausforderungen, die es bewältigen muss. Obwohl er in der Hauptstadt - Skopje lebt und arbeitet, bezieht er seine Energie aus seiner Heimatstadt Ohrid. Herr Janev schildert die Situation seiner Firma, die Beziehungen zu Knauf, das Geschäft im Baugewerbe in Skopje und Ohrid, sowie seine Pläne für die Zukunft seiner Firma.*

*Mr. Zarko Janev presents his company Karmen Baucentar and the challenges it is facing. Although he lives and works in the capital - Skopje, his hometown is Ohrid and that's where he draws his energy from. Mr. Janev tells us about the situation in his company, relations with Knauf, the construction business current affairs in Skopje and Ohrid, as well as his plans for the company's future.*




### Новиот лик и боите на градот во соседството

# Визурите на Тирана од иднината

Тирана излегува од постсоцијалистичкиот хаос и сивило и влегува со голема креативна и позитивна творечка сила во светските текови на 21-от век.





Она што му се случува на нашиот главен град, Скопје, кому секојдневно му се менува изгледот со поставувањето на темелите на новите јавни објекти, се случува и во соседството, во Тирана. За разлика од овдешните недоразбирања и препукувања на оваа тема, мнозинството Албанци во Тирана се воодушевени од градежниот бум што го менува ликот на нивната престолнина, како и на крајбрежјето. Ако се знае скорешната историја на Тирана, веројатно ќе се знае и зошто е тоа така. Досегашниот градоначалник на Тирана, г. Еди Рама, политичарот-уметник, со своето визионерство и лидерство ја извади Тирана од балканските и светските маргини и ја промовира во град на медитеранските бои, модерните визури и градби кои ќе влезат во светските учебници по архитектура и култура.
Г. Едвин Рама служеше три мандати како градоначелник на Тирана и има извршено значително влијание врз Тирана и врз цела Албанија. Неговиот проект „Чисто и зелено" во 2000-та година на градот Тирана му остави пошироки улици, со уривање на многу дивоградби и киосци кои му даваа на градот провинцијалски карактер, и речиси 100.000 м2 зелен простор! Не е зачудувачки да се претпостави зошто во 2004 год. тој беше прогласен за најдобар градоначалник во светот на конкурс што се организира секоја година од некомерцијална организација од Лондон! Пред 2 години на светскиот конкурс за архитектонско решение – мастерплан за урбано и еколошко уредување на крајезерскиот простор кај Тирана, меѓународното жири го прогласи за победник престижното студио MVRDV од Ротердам, Холандија, кое ќе биде автор на т.н. Tirana Rocks, комплекс со футуристички контури кој ќе биде еден од симболите на новата Тирана и Албанија. Сегашниот правлив дел на градот ќе има згради со изглед на расфрлани коцки и паралелопипеди во облик на коцкести карпи. Околу нив ќе се простира „син облак" од дрвца Џакаранда кои ќе бидат украс и прочистувач на воздухот.
Истите архитекти беа избрани и на конкурсот за проектот за трговски центар во центарот на Тирана под име „Топтани" чија спектакуларна фасада е „динамична", може да се програмира и низ неа може да се проектираат различни содржини и видеоматеријали. Во тек се и градбите на други реномирани странски архитекти кои полека, но сигурно го менуваат ликот на градот. Така новата зграда на т.н. Отворен албански парламент, ќе се гради според проектот на Coop Himelb(l)au, архитектонско биро од Виена, а новата џамија и музејот за религиска меѓутолеранција во центарот на Тирана ќе бидат дело на архитектите од BIG од Данска кои во мај победија на последниот меѓународен конкурс организиран од властите на градот Тирана.
Точно е дека во Тирана сѐ уште има многу незавршени работи и урбани и инфраструктурни проблеми и предизвици, но, исто така, може да се види и стратегијата за овој град во блиска иднина: со проекти на најдобрите архитектонски студија на светот и со придонеси на најголемите архитекти на денешницата, Тирана го напушта минатото и со сигурен чекор влегува во иднината. Сегашните албански архитекти и обичните луѓе во блиска иднина ќе ги берат плодовите од овие инвестиции кои не само што ќе ги изменат визурите на градот, туку и на целата држава.

***Роберт Смилески***







*Ein Ausflug in Albanien's Hauptstadt Tirana. Eine Geschichte über die zukünftigen Projekte der Stadt, internationalen Architekturwettbewerben und die Pläne des Bürgermeisters, um Tirana in eine grünere Stadt zu verwandeln.*

*A trip to the Albanian capital Tirana. Story about the city and its future projects, international architectural competitions as well as plans of the city mayor to turn Tirana into a greener capital.*

# Струмица го има првиот пасивен објект во Македонија

Објектот е проектиран и изграден по високите технички барања и стандарди за енергетска ефикасност почнувајќи од формата на објектот, ориентацијата, термичката заштита на обвивката, количината на отвори и други стаклени делови за обезбедување што поминимални загуби на енергија.



# SUPERCITY

## Скопје е СУПЕР ГРАД



Од 1 до 6 јуни главниот град на Македонија беше домаќин на реномирани архитекти, урбанисти и дизајнери од Европа. Причина беше првиот Фестивал на архитектурата, дизајнот и современата мисла – Skopje Architecture Week 2011 – SUPERCITY. Целта на настанот беше учење од искуствата на експертите гости на настанот и воопшто размена на знаења и информации меѓу сите учесници околу идејата „потрага по супер градот" во сите можни контексти: архитектонски, урбанистички, естетски, социолошки и филозофски. Во рамките на настанот беа одржани предавања, работилници, филмски проекции и изложба, сите адекватни на темата на годинашната Скопска недела на архитектурата.

Кнауф ја помогна реализацијата на овој интересен настан кој има амбиции да стане традиционален.



Еден од најспомнуваните објекти во стручната јавност оваа година, за којшто покажаа голем интерес и пишаните и електронските медиуми, е деловниот објект на фирмата „Експро“ од Струмица. Овој објект ни беше инспирација за една од темите во претходното издание на „Кнауф стори“. Кога пишувавме на оваа тема, објектот беше на почетокот на изградбата, а сега веќе е изграден и отворен за секој заинтересиран да го посети и да научи за неговите извонредни карактеристики. Додека ударнички се градеше објектот, секој заинтересиран во Македонија и насекаде во светот можеше „во живо“ да го следи процесот на интернет-страницата на фирмата „Експро“. Ова беше уште еден прекрасен и модерен начин на презентација на овој важен настан во градежништвото кај нас. Сопственикот на фирмата „Експро“, г. Славчо Ѓоргиев, покажа дека за да се биде успешен во овој бизнис, сите наши фирми од областа на градежништвото мора да размислуваат современо и во тек со сите современи светски трендови. Наши честитки за храброста на оваа фирма да влезе смело во 21 век.
Уште еднаш, како потсетување: административната зграда на „Експро“ во Струмица е изградена со енергетска ефикасност од највисоката класа. Значајно е и тоа што објектот има највисока заштита на влијанието врз животната средина, со многу мала емисија на штетни гасови како јаглероден двооксид ($CO_2$).

**Еве како трошат објектите за 1 м2 годишно само за греење на просторот:**
-Неизолиран објект троши повеќе од 300 kWh $m^2$ год. (30l. нафта за греење)
-Изолиран објект со стандарди во регионот троши околу 180 kWh $m^2$ год. (18l. нафта)
-Пасивните за греење трошат до 15 kWh $m^2$ годишно (1,5l. Нафта)

Класата пасивен го карактеризира со највисока термичка заштита, со многу изолација, без линиски и точкасти топлински мостови, форма и ориентација која обезбедува најмалку можна топлинска загуба и топлинска добивка. Енергијата што ја користи е претежно сончева акумулирана во околината во земјата. Објектот е проектиран и изграден според високите технички барања и стандарди за енергетска ефикасност почнувајќи од формата на објектот, ориентацијата, термичката заштита на обвивката, бројот на отвори и други стаклени делови за да обезбедат минимална загуба на енергија (како и добивка во летниот период). Пасивниот троши 20 пати помалку од неизолираниот, 12 пати помалку од стандардните објекти. Надворешните ѕидови се проектирани и изведени од дрвена конструкција C24 со исполна камена волна густ. 50 $kg/m^3$ и двослојна дебелина 10 cm + 8 cm. Внатрешната страна се состои од КНАУФ ѕидна облога на дрвена конструкција со исполна камена волна густ. 50 $kg/m^3$, а дебелина 8 cm со парна брана и двојно обложена противпожарна гипсена плоча. Од надворешната страна е поставена пародифузна фолија и облога од КНАУФ гипс фазер градежна плоча 1,5 cm и КНАУФ аквапанел (KNAUF Aquapanel) цементна плоча. Фасадата е од камена волна густ. 90 $kg/m^3$ изведена во два система. Поголемиот дел е контактна фасада KNAUF INSULATION со систем ламела со дебелина од 12 cm и помал дел вентилирана фасада KNAUF INSULATION со дебелина од 8 cm. Вкупната изолација во надворешен ѕид е со дебелина од 38cm.

*Das erste Passivobjekt in Mazedonien wurde schließlich in Strumica fertiggestellt. Der neue Hauptsitz der Firma Ekspro, ein Geschäftspartner von Knauf, wird als ein Vorzeigeprojekt für umweltverträgliche Bauweise in der Zukunft eröffnet. Über den kompletten Prozess hinweg lieferten wir technischen Support, sowie Unterstützung im Bereich des Marketing.*

*The first pasive house in Macedonia has finally been finished in Strumica. The new headquarters building of the company Ekspro, a Knauf partner, will be open as a showcase for anyone interested in building green in the future. We followed the whole process of building through giving technical as well as marketing support.construction business current affairs in Skopje and Ohrid, as well as his plans for the company’s future.*

# Подмладување: изложба на архитектонски концепти




На13 јуни 2011 година во просториите на културниот центар „КреАКТИВ“ беше отворена изложбата наречена „Подмладување“. Станува збор за изложба на архитектонски концепти за интервенции врз напуштени/запуштени објекти наразлични локации низ Македонија, изработени од млади архитекти. Целта на овој проект беше да се поттикне размислување и дискусија за третманот на овие објекти, за можностите што ги нудат и како повторно да заживеат и евентуално да придонесат во развојот на заедницата.
Кнауф ја помогна реализацијата на оваа изложба.

KNAUF



www.knauf.com.mk

### ТАВАНСКИ СИСТЕМИ
- Тавански системи од гипсени плочи
- Акустични и тавани со специјален дизајн
- Облоги на поткровје

### ЅИДНИ СИСТЕМИ
- Преградни ѕидови на метална потконструкција
- Ѕидни облоги и инсталациски канали
- Санитарни градежни системи и ревизиони отвори
- Системи за лизгачки врати

### ПОДНИ СИСТЕМИ
- Самонивелирачки подови
- Повишени подови
- Маси за порамнување

### СИСТЕМИ ЗА ФАСАДИ И ИЗОЛАЦИСКИ СИСТЕМИ
- Контактна фасада

### СИСТЕМИ ЗА МАЛТЕРИСУВАЊЕ
- Гипсени глет малтери

### БАУМАРКТ ПРОГРАМА – НАПРАВИ САМ (ГРАДЕЖНА ХЕМИЈА)
- Лепаци за плочки и фуги
- Глет маси, лепаци, дихт ленти, израмнувачи, алати
- Средства за чистење и нега

## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ


**Кнауф Радика АД - Дебар**
ул.8 Септември бб
1250 Дебар
Тел: 046 839 200
Факс: 046 831 650

**Канцеларија за продажба и маркетинг**
бул.Александар Македонски бб
1000 Скопје
Тел: 02 3235 750
Факс: 02 3235 760

info@knauf.com.mk


## КНАУФ КОНСАЛТИНГ

### СОВЕТУВАМЕ ЗА:

- Системи за сува градба
- Монтажни куќи
- Системи за малтерисување
- Фасадни системи
- Подни системи
- Системи за поплочување
- Баумаркт програма - Направи сам (Градежна хемија)

### ШКОЛУВАЊА ЗА:

- Проектанти
- Изведувачи
- Градежни фирми
- Трговци